За намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, се планираат работилници за превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување. Исто така се планираат активности - едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, намалување на насилството и појавата на болести од зависности.

Соработката со педагошката служба и специјалниот едукатор е континуирана со одделенските раководители и наставници како и со техничкиот персонал особено истакнувајќи ја соработката со наставниците од физичко и здравствено образование со можност за најбрзо детектирање на повреди и слично, врсниците, соучениците и сл.

Превентивни содржини планираат одделенските раководители кои на одделенските часови реализираат работилници за превенција од насилство, превенција од зависности – дрога, алкохол, пушење, превенција од ХИВ и Сида и превенција од заразни болести како и стручните соработници во соработка со Ученичката заедница.

**Програмата за превенција од насилно однесување е дадена во Прилог бр.25 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026 година.**

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано на крајот на учебната година. Учениците од третиот период ( VII – VIII одд. ) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Учениците за учеството во воннастаните активности добиваат описна оценка во додатокот на свидетелството.

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Одделенските и предметните наставници континуирано го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ги известуваат родителите.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето врши следење, анализа и поддршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години, по наставни предмети, по пол и етничка припадност. Се следи начинот на оценувањето од страна на наставниците, особено на наставниците почетници и им се дава подршка од педагогот, директорот и наставниците – ментори.

Училиштето има тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Целта на ова следење е зголемување на објективноста и етичноста во оценувањето, континуираност во оценувањето, унапредување на оценувањето, СВОТ анализа на состојбата во оценувањето, поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување како и споделување на добрата пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето

Секој наставник во своето планирање за оценување има подготвено критериуми и стандарди според кои ги оценува постигањата на учениците. Со критериумите и стандардите за оценување наставниците ги запознаваат сите ученици, како и родителите /старателите на учениците.

| **Членови на тимот** | **Работна позиција** |
|---|---|
| Соња Кирковска | Директор |
| Маја Ѓорчевска-Затуроска | Педагог |
| Сања Шутиноска Величковиќ | Психолог |
| Татјана Павловска – Деспотовска | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| Нела С. Никовска | Одделенски наставник на Стручен актив на одделенска настава |
| Жанета Шумкоска | Одговорен наставник на Стручен актив по математика и природна група на предмети |
| Кети Христовска | Одговорен наставник на Стручен актив по јазична група предмети |
| Горица Бошкоска | Одговорен наставник на Стручен актив по општествена група предмети |
| Марина Станковиќ | Одговорен наставник на Стручен актив по уметност и вештини |

Согласно законската рамка се утврдува *процедура за поплаки и жалби по добиени оцени.* Во услови на жалба и поплака од оцената се предвидува разгледување на истата од Наставничкиот совет за прифаќање или одбивање и/или формирање на комисија за проверка на оцена, односно знаењата на ученикот. Оваа комисија е составена од одделенскиот раководител на паралелката и наставници од соодветниот предмет во училиштето или од најблиското училиште изземајќи го соодветниот наставник.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Тимот за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар е составен од директорот на училиштето и стручните соработници. Стручните посети ќе се одвиваат во текот на целата учебна година во согласност со планот и програмата за работа на директорот и стручните соработници според изработени инструменти за следење на квалитетот на работата.

Следењето и вреднувањето ќе се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите на наставниците, примена на соодветни дидактичко-методички решенија на часот, примена на различни техники во учењето на учениците на часот, односот кон учениците, реализација на ИОП-ите за учениците со ПОП и модифицирана програма, приодот и поддршката на учениците со потешкотии во учењето, работата со талентираните и надарените ученици.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалуација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалуација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај се доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето, општина Центар и МОН.

## 17. Безбедност во училиштето

На почетокот на учебната година на учениците ќе им се презентира „Планот за евакуација на училиштето во случај на незгода, кој исто така е истакнат на видни места во училиштето. Учениците ќе бидат запознаени со планот на одделенските часови, а планирани се и вежби за евакуација за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици.

Во училиштето се планираат и курсеви за учениците за прва помош и заштита. Целта е продолжување по стапките од повозрасните, меѓусебно другарување и учење вештини, помош и подршка во превентивни програми.

Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда (видео надзор, легитимирање на посетителите), како и на безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред. Покрај дежурните наставници ќе биде вклучено и обезбедувањето.

Ќе продолжиме со спроведување на програмите за превенција на насилно однесување во училиштето, превенција на трговија со луѓе, болести на зависност и сексуално преносливи болести, во рамките на одделенските часови, на состаноците на одделенските заедници, со помош на стручната служба и други стручни лица. Планирани се едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, со вклучување на надлежни институции и експерти за определените области на дејствување.

## 18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето ќе биде задолжен техничкиот персонал од училиштето, но вклучени ќе бидат и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи, како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро ќе се постигне со реализација на наставни и вонаставни активности поврзани со оваа тема.

Училиштето преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

18.2. Систематски прегледи

Учениците ќе бидат опфатени со систематски прегледи според акцискиот план на Центарот за јавно здравство. Дел од учениците ќе поминат на преглед на заби и ќе се направат залевки. Учениците од одделенска настава на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители, додека пак учениците од предметна настава ќе бидат придружувани од наставник кој во тој момент е слободен или од стручната служба, сè со цел наставата да се одвива непречено.

18.3. Вакцинирање

Заштитата на здравјето на учениците континуирано се следи и негува во училиштето со цел учениците да бидат безбедни и да се заштитат од можните заразни заболувања. Вакцинирањето ќе се одвива според акцискиот план на Центарот за јавно здравје и календарот за имунизација и вакцинација.

Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во Здравствен Дом Бит Пазар, а за сето тоа училишниот педагог ќе води евиденција.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано организира ужина и топол оброк за учениците од прво до петто одделение. Оброците се подготвуваат според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

*-Едукација за здрава исхрана*

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница. Училиштето во текот на учебната година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници.

## 19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Ќе се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвораат во 6 часот наутро и се затвораат во 19 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето, по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска. Покрај дежурните наставници за поголема безбедност во училишниот простор ќе биде вклучено и обезбедување.

**Распоредот на дежурни наставници е даден во Прилог бр.30 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/26**

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Нашето училиште има приоритет да се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Секој наставник пред својата училница има задача и обврска да уредува пано според потребите на наставните теми и содржини. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците ќе бидат од различни области меѓу кои ќе има содржини од мултикултурата како и содржини поврзани со одделни настани и датуми важни за животот на учениците. Останатите ѕидови и холот ќе го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

Тим за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето:

| **Име и презиме** | **Работна позиција** |
|---|---|
| Катарина Лазаревска | Наставник |
| Васка Тошевска Момироска | Наставник |
| Марина Станковиќ | Наставник |
| Симона Пецова | Наставник |
| Елена Киранџиска | Ученик |

Планот за естетско и функционално уредување на просторот **е даден во Прилог бр.31 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/26.**

19.3. Етички кодекси

Непосредно пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба ќе го обнови и потврди постоечкиот кодекс на однесување. Кодексот во себе ќе ги опфати правилата на однесување на персоналот, учениците и родителите. Тој ќе биде истакнат на видни места (во наставничка канцеларија и училниците) и со него ќе бидат запознаени сите инволвирани. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

**Правилникот за однесување на ученици, наставници и родители е даден во Прилог бр.32 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.**

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација и соработка помеѓу сите структури за одржување на добра училишна клима. Тимот, кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување, е составен од следните членови: директор, стручна служба, претставници од Училишен одбор, претставници од Совет на родители, од Наставнички совет и техничка служба и претставници од Ученички парламент.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети.

За продлабочување на довербата и соработката меѓу структурите во училиштето се предвидуваат повеќе конкретни активности:

✓ соработка помеѓу кадарот од одделенска настава и предметна настава во различни активности меѓу одделенија;

- ✓ соработка на наставниот персонал со стручните служби преку состаноци, работилници, дебати за вистинските потреби и поддршки во однос на работата и животот на училиштето, надминување на проблемите и огледувајќи се на успесите и добрите придобивки;
- ✓ соработка на наставниот персонал, стручните служби и техничкиот персонал особено околу рано откривање на деликвентно и недолично однесување на учениците, персоналот и сл.;
- ✓ соработка преку состаноци, работилници и дебати со Советот на родители и родителите со цел едукација и поддршка во совладување на негативното влијание на надворешниот свет и справување со ново настанатите ситуации во околината.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во август и септември. Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе изготват извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

### 20.2. Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците и стручните соработници, нашето училиште ќе ги следи пропишаните подрачја и темите за обуките за стручно усовршување наведени во ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ за учебната 2025/26 год. и тоа:

| **За наставниците** | **За стручни соработници** |
|---|---|
| 1.Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем<br>- Знаења за воспитно-образовниот систем<br>2.Поучување и учење<br>-Планирање и подготовка на наставата<br>3. Реализација на наставата<br>4. Оценување на учениците<br>5. Создавање стимулативна средина за учење<br>-Создавање безбедна и стимулативна средина за учење<br>-Училишна клима<br>6.Социјална и образовна инклузија<br>7.Професионален развој и професионална соработка | 1. Работа со учениците<br>2. Работа со наставниците<br>3. Работа со родителите<br>4. Соработка со заедницата<br>5.Професионален развој и професионална соработка<br>6. Аналитичко-истражувачка работа<br>7. Училишна структура, организација и клима |

20.3. Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување се прави личен план за професионален развој врз однос на самоевалуацијата, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посетите на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и ДПИ.

Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој, го соочинуваат координаторите на стручните активи на наставниците, директорот и стручните соработници.

Планирањето на професионалниот развој секој наставник и стручните соработници го доставува најдоцна до 10 септември за тековната година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.

Реализацијата на професионален развој, наставникот и стручните соработници го пополнува секоја учебна година и го доставува до тимот за професионален развој најдоцна до 30 јуни , во хартиена или електронска форма.

За професионалниот развој секој наставник води професионално досие.

20.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени часови, стручни собири, работилници и сл. кои се планирани во програмите на стручните активи. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности кои ќе бидат во прилог на годишната програма.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно-образовниот кадар. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците го врши директорот и претставници на Бирото за развој на образованието. Истото се однесува на квалитетот на работата и постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставниците добиваат извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа кои се чуваат во досието на наставникот. Извештаите се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците. Воспитно-образовниот кадар е запознаен и со критериумите за напредување во звањата метор и советник како и процедурата за стекнување звање.

**Програмата за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во Прилог број. 33 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/26.**

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Распоред на приемен ден на наставниците:

| **Р. бр.** | **Наставник** | **Ден** | **Час** |
|---|---|---|---|
| **1** | Виолета Секуловска | среда | 15:00 - 15:40 |
| **2** | Ана Покупец-Апостолски | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| **3** | Мери Ќурчиева | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| **4** | Ирена Донев | понеделник | 15:00 - 15:30 |
| **5** | Данче Гиговска | петок | 15:00 - 15:30 |
| **6** | Гордана Букревска | петок | 15:00 - 15:30 |
| **7** | Нела Никовска-Слезенкова | петок | 15:00 15:30 |
| **8** | Даниела Крстевска | понеделник | 15:00-15:40 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9** | Васка Тошевска Момироска | понеделник | 15:00-15:40 |
| **10** | Нина Николоска | понеделник | 15:00-15:40 |
| **11** | Симона Пецова | петок | 15:00 - 15:30 |
| **12** | Анка Чоневска | петок | 15:00 15:30 |
| **13** | Луиза Наневска | понеделник | 12:00 - 12:30 |
| **14** | Александра Крстова | среда | 15:00-15:40 |
| **15** | Дијана Илиевска Коваческа | среда | 15:00-15:40 |
| **16** | Биљана Стојановска | понеделник | 15:00 -15:30 |
| **17** | Катарина Лазаревска | среда | 15:00-15:40 |
| **18** | Сања Пиперевска | среда | 15:00-15:40 |
| **19** | Маја Бутлеска | понеделник | 8:45 - 9:25 |
| **20** | Ирена Бакреска-Василевска | понеделник | 8:45 - 9:25 |
| **22** | Чедомир Пановски | понеделник | 9:50 - 10:30 |
| **23** | Драган Станојковски | вторник | 11:20 - 12:00 |
| **24** | Валентина Лена Вељан | петок | 9:50 - 10:30 |
| **25** | Ирена Тодороска-Пановска | вторник | 8:45 - 9:25 |
| **26** | Марија Варадинска | понеделник | 8:45 - 09:25 |
| **27** | Марина Станковиќ | среда | 8:00 - 8:40 |
| **28** | Весна Миливоевиќ | среда | 9:50 - 10:30 |
| **29** | Андријана Грујоска | среда | 9:50 - 10:30 |
| **30** | Кети Христовска | понеделник | 8:00 - 8:40 |
| **31** | Жанета Шумкоска | среда | 8:45 - 09:25 |
| **32** | Ленче Зајковска | вторник | 9:50 - 10:30 |
| **33** | Наставник по информатика | понеделник | 9:50-10:30 |
| **34** | Бојана Бачоска | четврток | 9:50 - 10:30 |
| **35** | Благица Димчева | понеделник | 10:35 - 11:15 |
| **36** | Горица Бошкоска | понеделник | 10:35 - 11:15 |
| **37** | Маја Јакимовска | петок | 8:45-9:25 |

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како и Советот на родители, формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред. Претседател на Советот на родители е Анастасија Павлевска.

Во текот на учебната година се планирани приемни и отворени денови на кои што родителите имаат можност подетално да се информираат за постигнувањата кај секој наставник поединечно.

**Програмата за работа на Советот на родители е дадена во Прилог број. 8 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/26 година.**

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности.

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини преку:

- Советот на родители;
- групни и индивидуални средби со одделенски раководител и наставници;
- стручната служба на училиштето;
- Е-дневникот;
- официјалната веб-страница и Фејсбук.

Со тоа ќе им се даде можност навремено да бидат информирани и да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства, помагала и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата. Родителите имаат можност да се вклучуваат во наставниот процес и преку одржување предавања на родители-стручни лица од областа со која професионално се занимаваат.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училилиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку Фејсбук и веб-страницата, соопштенија, брошури, флаери и слично. Стручната служба овозможува и секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори со родителите, советувања на родители при што со одредена целна група врши едукација на родителите на ученици кои имаат слаб успех, голем број изостаноци или покажуваат асоцијално и несоодветно однесување. Советувањето на родителите е облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализираат училишниот педагог и психолог.

Едукацијата на семејството се прави и на родителски средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители според условите и потребите на паралелката.

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно консултативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.

Се планира во текот на учебната 2025/26 година да се реализира Програмата за Целоживотно здравје за родители и адолесценти, преку вклучување на шест тематски работилници. Програмата ќе се спроведува во двете полугодија и ќе ја реализира училишниот психолог во соработка со институтот Алтернатива. Работилниците ќе се одржуваат еднаш неделно и ќе опфаќаат интерактивни активности со родители и нивните адолесценти, насочени кон унапредување на менталното здравје, подобрување на меѓусебната комуникација и поттикнување здрави животни навики.

Според развојниот план на училиштето се планира едукација на родители и нивна поголема вклученост во создавање на безбедна и сигурна средина за учење. Преку одржување на предавања/работилници за родители од страна на педагошко-психолошката служба и наставниците, родителите ќе се запознаат со *Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупортеба и занемарување*.

**Програмата за соработка на основното училиште со родителите/старателите е дадена во Прилог број. 34 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/26 година.**

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Училиштето е во постојана соработка со локалната заедница и учествува во различни активности. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето.

Подрачјето за соработка со локалната самоуправа има за цел да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен и да се реализираат активности на неколку нивоа:

- учество во одбележување на настани од локален карактер;
- присуство на претставници од општествени, културни, здравствени, социјални установи во одбележувањето на Патронатот на училиштето;
- преземање на активности со соодветни институции на локално ниво во општината;
- остварување бројни активности исполнети со културни и образовни содржини наменети за граѓаните од средината во која работи и живее училиштето како:
  * ликовни и литературни конкурси, изложби, промоции;
  * одржување на отворени трибини и теми за актуализирање на одредени тековни проблеми и промовирање на работата на училиштето, планирање и реализирање на отворени емисии, разни соопштенија на локалните медиуми;
  * изработка и промовирање на проекти, донаторски акции, манифестации, саеми на креативност;
  * учество на одбележување на настани и други активности од локален карактер.

Училиштето максимално се вклучува во помош на учениците од социјално ранливите категории, за обезбедување на материјали за работа, бесплатно учество на екскурзии, постојана соработка со Црвениот крст и други организации и здруженија.

**Програмата за соработка со локална средина и локална заедница е дадена во Прилог бр.35, Програмата за грижа за здравјето на учениците е дадена во Прилог бр.36, а Програмата за јавна и културна дејност на училиштето е дадена во Прилог бр.37 од Прилозите на Годишната програма на училиштето за 2025/26 година.**

## 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/ца** | **Кој треба да биде инфрмиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Унапредување на професионалниот и кариерниот развој на воспитно –образовниот кадар | Обуки; Семинари; Конференции<br>Анкети; Извештаи; Записници<br>Учебна 2025/26 год. | Тимот за професионален развој | Директор |
| Обезбедување на наставни средства и помагала за работа со ученици со типичен и атипичен развој | Анкети; Чек листи; Работилници<br>Извештаи; Записници<br>Учебна 2025/26 год. | Директор<br>Стручна служба<br>наставници | Надлежни институции |
| Обезбедување на технички средства за подобрување на условите за работа | Анкети; Чек листи; Работилници<br>Проектни активности; Извештаи<br>Записници<br>Учебна 2025/26 год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Родители | Надлежни институции |
| Промовирање на работа на училиштето и неговата инклузивна пракса во локалната средина | Флаери; Јавни настани; Извештај<br>Записници<br>Учебна 2025/26год. | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Надлежни институции |

### 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| **Активност** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуализи-рани и модифицирани програми за ученици со ПОП | Училишен инклузивен тим Специјален едукатор и рехабилитатор | Чек листи Опсервации Прашалници Анегдотски белешки ИОП, МНП | Протокол за следење на планирањата на наставниците | Изработени индивидуализирани и модифицирани програми | Педагошко-психолошка служба, настав-ници, Специјален едукатор и рехабилитатор | Учебна 2025/26 година |
| Ученички екскурзии | Тим за екскурзии | Училиштен тим и туристичка агенција | Програма за екскурзии, извештаи, | Запознавање со културни знаменитости | Директор | Второ полугодие |
| Ученички парламент | Педагог | Извештаи, записници | Записници, извештаи, фотографии | Вклучување на уче-ниците во работата на училиштето | Педагог | Учебна 2025/26 година |
| Црвен крст | Одговорно лице за Црвен крст | Хуманитарни акции, предава-ња, работилници, активности | Записници, извештаи, фотографии | Едуцирање на учениците и подигнување на свеста за хуманост | Одговорен наставник за контакт со Црвен крст | Учебна 2025/26 година |
| Следење и поддршка на оценувањето | Стручна служба | Педагошка документација Критериуми за оценување | Извештај од прегледани дневници | Усогласеност на оценувањето со стандардите | Стручна служба | Учебна 2025/26 година |
| Ученички натпревари | Наставници | натпревари, конкурси, проекти | Ранг листи | Афирмација на училиштето и поттикнување на натпреварувачки дух | Наставници | Учебна 2025/26 година |
| Општествено хуманитарна работа | Наставници | Работилници, Манифестации, штандови | Извештај, фотографии | Развиена хуманитарна свест | Стручна служба, наставници | Учебна 2025/26 година |
| Превентивни програми | Наставници | Предавања, работилници | Извештај, фотографии | Познавања на своите права, препознавање на насилничко однесување | Стручна служба, наставници, родители, локална средина, институции | Учебна 2025/26 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Профеионална ориентација | Наставници и педагог | Работилници, презентации, тестови | Флаери, постери | Правилен избор на средно образование | Стручна служба и одделенски раководители | Учебна 2025/26 година |
| Безбедност во училиштето | Директорот Стручна служба Наставници | Состаноци и практични вежби | Анкетни листови | Препознавање на знак и брза реакција при елементарни непогоди | Директор Стручна служба, наставници, институции | Учебна 2025/26 година |
| Позитивна социо-емоционална клима | Наставници, ученици, родители | Работилници | Работни листови | Да согледаат дека без меѓусебна под-дршка и соработка нема другарство | Наставници | Учебна 2025/26 година |
| Грижа за здравјето | Наставници и ученици | Предавања Работилници презентации | Работни листови, презентации | Грижа за здравјето, превенција | Наставници Професионални лица | Учебна 2025/26 година |
| Естетско уредување | Наставници, технички персонал | катчиња изложби | Истражување визуелно изразување | Пријатен простор за работа | Наставници, ученици | Учебна 2025/26 година |
| ЕКО активности | Одговорно лице за ЕКО – активности | Работилници, презентации | Анкети | Подигање на ЕКО свеста | Наставници | Учебна 2025/26 година |
| Слободни ученички активности | Наставници | Реализирани активности | Одделенски дневници, анкети | Продлабочув ање на знаењата на учениците | Наставници | Учебна 2025/26 година |
| Мултикултурали-зам | Наставници | Интернет, учебници и друг материјал | Флаери, хамери, постери, трудови | Почитување на другите и намалување на предрасудите | Наставници | Учебна 2025/26 година |
| Професионален развој | Тим за професионален развој | Презентации, практични вежби | Портфолио Досие | Запознавање со текот на работата на тимовите | Тим за професи-онален развој, наставници | Учебна 2025/26 година |
| Вклученост на семејството во работата на училиштето | Наставници, директор, стручна служба | Анкетен лист, брошура | Работни листови | Подобрување на училишната клима | Стручна служба, наставници, родители | Учебна 2025/26 година |
| Комуникација со јавноста и промоција на училиштето | Стручна служба<br><br>Наставник за комуникација. | работилници, трибини, посети | извештаи | промовирање, подобрување на условите за работа | Педагошко водство, тим за комуникација со јавноста, ученици, наставници | Учебна 2025/26 година |

**25. Заклучок**

Изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Програмата е документ кој ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и остварувањето на целите за работа во учебната 2025/26 година. Таа писмено ја изразува ангажираноста на училиштето во остварувањето на дејноста на училиштето. При изготвувањето земени се во предвид реформските промени со новата Концепција, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно- образовниот процес.

Информациите во програмата се методолошки и хронолошки подредени според *Правилникот за изготвување Годишна програма за работа*. Целта на оваа програма е да обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето и програмските определби за работа. Нашето училиште континуирано вложува во подобрување на условите за работа, професионалниот развој на кадарот, позитивна клима, современа настава, поддршка на учениците и нивно поттикнување за преземање иницијативи, соработка, меѓусебното почитување и толеранција, со цел успешно реализирање на нашата мисија. Реализацијата на Програмата во својата суштина ги вклучува сите сегменти на воспитно-образовниот процес, соработката и комуникацијата помеѓу сите субјекти, тежнеење кон постојано унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

Директор - Соња Кирковска
Наставник ментор - Нела Слезенкова Никовска
Наставник - Горица Бошкоска
Наставник - Биљана Стојановска
Специјален едукатор и рехабилитатор - Татјана Павловска-Деспотовска
Наставник - Симона Пецова
Ученик - Теа Мечевска

**27. Користена литература**


1. Развоен план на ООУ„ Св.Кирил и Методиј“ за учебната 2024-2028 година
2. Самоевалуација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј „ 2022-2023, 2023-2024 година
3. Годишен извештај за работа и постигнтите резултати на училиштето во учебната 2024/2025 година
4. Статут на ООУ„Св.Кирил и Методиј “
5. Извештај од интегралната евалуација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј “
6. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ , бр.161 од 05.08.2019 година) .
7. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година).
8. Закон за работни односи
9. Закон за јавни набавки ( “Службен весник на Република Македонија„ бр.24/19)
10. Наставник од почетник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта, Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
11. Стручен соработик од почетник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта, Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
12. Националната програма за развој на образованието во РСМакедонија
13. Законот за организација и работа на органите на државата управа


**Датум**
**Скопје, 2025 год**.

**Потпис на Директорот на училиштето на ООУ** ________________________

**Потпис на Претседател на училишен одбор** __________________________

## ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Прилог бр. 1: Годишна програма за работа на Директорот

**Програма за работа на директор Соња Кирковска**

Основа за планирање на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и потребите на корисниците на услугите-ученици и родители, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно-образовниот процес. Раководен орган на училиштето е директорот. При вршењето на својата раководна и менаџерска функција директорот ќе се раководи од неговата програма за работа на училиштето.

| **ПРОГРАМСКО – КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ** | | |
|---|---|---|
| **Програмски содржини / работни задачи** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| -Анализа на претходната учебна година, мерки за унапредување на организацијата и работата на училиштето;<br>-Увид во техничката и друга подготвеност на училиштето за работа;<br>-Планирање за прераспределба на училници и кабинети;<br>-Планирање и организирање поправки на училишен инвентар, санација и фарбање;<br>-Планирање на нови наставни средства и помагала за новата учебна година; | Стручна служба, наставници, домаќин | Август |
| -Оперативна организација на активностите за почетокот на учебната година;<br>-Обезбедување услови за работа;<br>-Стручна и кадровска подготвеност;<br>-Координација на хигиенско-техничкиот персонал;<br>-Формирање паралелки, воспитно-образовни групи, распределба на часови, одделенија, паралелки, наставници, дежурства, одредување одделенски раководители;<br>-Креирање тимови , стручни активи, одговорни наставници, задолженија;<br>-Активности за подобрена информираност на сите вработени, обезбедување точни, јасни и прецизни задолженија;<br>-Информативни табли за наставници, родители, ученици низ училиштето;<br>-Подготовки за прием на првачињата на први септември;<br>-Креирање на анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите;<br>-Формирање на тимови и насоки за одбележување на јубилеен 190 патронен празник на училиштето | Директор, надлежни институции, општина, наставници, вработени | Август<br>Септември |
| -Креирање анкетни прашалници за наставниците ( степенот, видот и потребата од обуки);<br>-Анализа на одговорите, потребите и превземање на активности;<br>-Изработка на оперативна програма за интерни обуки на наставниците;<br>-Маркетинг на училиштето, јавност во работата, веб-страницата на училиштето; | Директор, одговорни наставници | Август<br>Октомври<br>Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| -Работа со комисии координирање на тимови и активи итн.;<br>-Увид во дневната организација на работата; педагошка документација, електронска документација;<br>-Соработка со надлежни институции;<br>-Увид во дневната организација на работата, координација;<br>-Упатства, поддршка во подготовките за одбележување на позначајни датуми; | Директор, стручна служба, наставници, надлежни институции | Континуирано |
| -Обука за професионалниот и моралниот лик на наставникот согласно потребите и барањата на учениците;<br>-Обука за тимската работа во училиштето;<br>-Демонстрација и презентација за примена на современи методи и техники во наставата; | Директор, одговорни наставници, стручни активи | Октомври<br>Ноември<br>Декември |
| -Учество во истражување на актуелно-образовни прашања;<br>-Изработка на документација и иструменти за следење на реализацијата на програмата;<br>-Континуирано следење на новитетите во образованието; | Наставници, надлежни институции | Континуирано |
| -Изработка на Полугодишен и Годишен извештај;<br>-Учество во базари, новогодишни и божиќни активности;<br>-Сумирање на податоците од првото полугодие; | Одговорни наставници, Стручна служба | Декември<br>Јуни |
| -Подготовки за почеток на второто полугодие;<br>-Поправки на училиштето за време на зимскиот распуст;<br>-Подготовки и разработка на оперативни планови за следење на работата во училиштето; | наставници, комисии, надлежни институции | Јануари<br>Февруари |
| -Анализа на пропусти и потешкотии во секое одделение;<br>-Анализа на успехот, поведението и редовноста по првото тримесечје и првото полугодие;<br>-Активности и помош при организирање на ученички натпревари;<br>-Акцент на тимската работа при создавање на електронска база на податоци; | Одговорни наставници, стручна служба | Февруари |
| -Анализа и сумирање на податоци од трето тримесечје и план за подобрување на квалитетот на наставата за успешно завршување на учебната година;<br>-Оперативен план за работа на тимовите, состаноци, информирање на наставниците;<br>-Предлог мерки за подобрување на општиот успех и постигнувањата на учениците;<br>-Договор со членовите на ученичката заедница за креирање на Алманах за учениците од 9 –те одд, кој ќе произлезе од нивните желби и потреби, прогласување Првенец на генерација;<br>-Увид во педагошката евиденција и документација, дневни подготовки, е-дневник; | Стручна служба, наставници, комисија | Април<br>Мај<br>Јуни |

Прилог бр. 2: Годишна програма на педагог

Педагог: Маја Ѓорчевска-Затуроска

| | |
|---|---|
| **I** | **Работа со ученици** |
| **II** | **Работа со наставници** |
| **III** | **Работа со родители** |
| **IV** | **Соработка со заедницата** |
| **V** | **Професионален развој и професионална соработка** |
| **VI** | **Аналитичко - истражувачка работа** |
| **VII** | **Училишна структура, организација и култура** |

| **Подрачје I: Работа со ученици** | | |
|---|---|---|
| **Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Планирање работа во работилници со учениците<br>2. Индивидуално или групно подучување на учениците на техниките за учење<br>3. Подготвување, приспособување, предлагање и применување соодветни стратегии за поучување<br>4. Учество во приспособување наставни содржини за конкретни ученици согласно нивните потреби и можности | Континуирано | Психолог<br>Наставници |
| **Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Идентификување и користење стратегии за справување со кризни состојби на учениците или нивно несоодветно однесување<br>2. Поддршка во организација и реализација на воннаставните активности на учениците во училиштето<br>3. Решавање на воспитни ситуации со примена на современи модели за педагошко водење<br>4. Планирање, организирање и реализирање на превентивни работилници (болести, независност, психотропни супстанци) | Континуирано | Директор<br>Тимови<br>Наставници<br>Психолог |
| **Подрачје II: Работа со наставници** | | |
| **Потподрачје:Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно – образовниот процес и самоевалуацијата** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Давање на стручна помош во подготовката и реализацијата на наставата<br>2. Помош на наставниците во изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците<br>3. Промовирање на иновативни приоди во наставата<br>4. Поддршка на наставниците при самовреднувањето | Континуирано | Наставници<br>Директор<br>Психолог |
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Идентификација на надарени ученици<br>2. Примена на соодветни методи во работата со ученици со различни лични карактеристики<br>3. Демонстрирање на различни приоди во учењето кои ќе им помогнат на учениците во учењето | Континуирано | Наставници<br>Дефектолог<br>Психолог |
| **Подрачје III : Работа со родители** | | |
| **Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби<br>2. Користење различни методи за индивидуални и групни советувања на родители | Континуирано | Психолог<br>Родители |
| **Подрачје IV : Соработка со заедницата** | | |
| **Потподрачје: Соработка со локалната заедница** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Остварување на контакти со соодветни фирми во кои може да се реализира истражувачка настава<br>2. Остварување на контакти со средни училишта за информирање на учениците за нивното понатамошно образование | Континуирано | Локална заедница<br>Ученици<br>Наставници<br>Психолог |
| **Подрачје V: Професионален развој и професионална соработка** | | |
| **Потподрачје: Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Учество во изготвување на програмата за работа на наставниците - приправници<br>2. Водење документација за професионална ориентација на воспитно-образовниот кадар<br>3. Упатување на наставниците во основните професионални компетенции | Континуирано | Наставници<br>Наставници - приправници |
| **Подрачје VI: Аналитичко - истражувачка работа** | | |
| **Потподрачје: Истражување на воспитно – образовната работа** | | |

| Активности | Време за реализација | Соработници |
|---|---|---|
| 1. Спроведување акциско истражување за подобрување на наставата<br>2. Учество во акциски истражувања<br>3. Интерпретација на сознанијата од акциското истражување и предлагање наредни активности | Второ полугодие | Директор<br>Наставници<br>Психолог<br>Ученици |
| **Подрачје VII: Училишна структура, организација и култура** | | |
| **Потподрачје: Училишна структура и организација** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Користење инструменти за следење на наставата<br>2. Интерпретација на добиените сознанија<br>3. Примена на нови стратегии за подобрување на наставата<br>4. Следење педагошка документација и евиденција<br>5. Учество во формирање на паралелки<br>6. Работа со училишниот парламент<br>7. Водење евиденција на опфат на ученици | Континуирано | Ученици<br>Наставници |

| Вања Петровска | | | | | | | | | | | | | | | | | | 51 | 51 | 72 | 71 | | | 62 | | 72 | 61 | | 52 | 52 | 62 | | 71 | 61 | |
| Благица Димчева | 72 | | 62 | 61 | | 81 | хо | | | | | 82 | 9 | 9 | | | | | | 8 | 8 | | 71 | 72 | | | | | | | 7 | 7 | 92 | 91 | хо |
| Марина Станковиќ | | | | | | | | | | | | | | | 81 | | 62 | 61 | | 92 | | | | | | 82 | | | 71 | 72 | | 91 | | | |
| Чедомир Паневски | 22 | 21 | 41 | 31 | 32 | | | | | 12 | 11 | 32 | 31 | | 12 | 41 | 11 | | 22 | | | 11 | 21 | 22 | 41 | | | | | 21 | 31 | 32 | | | |
| Драган Станојковски | | 51 | 42 | | 52 | 72 | 71 | | | 51 | 72 | | 52 | 71 | 92 | 91 | 42 | 52 | | | | 72 | | 42 | 91 | | 71 | 92 | | | 91 | 51 | | | 92 |
| Валентина Вељан | 62 | 61 | | 81 | 82 | | | | | | | | | | | | 61 | 82 | 62 | 62 | 81 | | | | | | 81 | | | | | 61 | | 62 | 82 |
| Маја Јакимовска | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 61 | 61 | 62 | 62 | 91 | | | | | | | |
| Ирена Бакреска Василевска | | 42 | 51 | 52 | 41 | | | 12 | 32 | 31 | 42 | 51 | | | 11 | 41 | | 21 | 52 | | | 21 | 31 | 52 | 32 | 51 | | | 11 | 41 | 42 | 12 | | | |
| Тања Ивановска | | | | | | | | | | | 22 | | 72 | | | | | | | | | | | | 22 | 72 | 72 | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Неофицијален распоред за учебната 2025/26 година.**

**** Распоредот ќе претрпи измени во договор со наставниците и во согласност со распоредите на другите училишта.***

Прилог бр. 16: Акциски планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истажувања

***1. Антикорупциска едукација***

**Предмет:Граѓанско образование IX одд.**

**учебна 2025/2026 година**

**наставник: Горица Бошкоска**

| Ред. број | Наставна единица | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Причини и последици од корупцијата | 2 | Февруари |
| 2. | Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | 1 | Март |
| 3. | Активна борба против корупцијата | 1 | Април |
| 4 | Активна борба против корупцијата / постери | 2 | Мај |
| Вкупно | 4 наставни единици | 6 часови | |

Општи цели на проектот:
Ученикот/ученичката е потребно:
- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација

**Конкретни цели и активности :**

| **Содржина** | **Цели** | **Вид на активност** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност; дискусија; кусо предавање |
| Стекнување на основни знаења за | да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува | Предавање и вежби | Презентација; дискусија; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| корупција и антикорупција | | | |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност, кусо предавање |
| Активна борба против корупцијата: постери | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | Работилница | Говорна активност; дискусија; кусо предавање |
| Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата | Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле од проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ | Прашалник за учениците и активности за повторување | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |

***2. Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето***

**Координатор на проектот: Наставници од V одделение и предметниот наставник: Марина Станковиќ**

**Цели:**

Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес
Подобрување на условите за престој и работа во училиштето
Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки

**Задачи:**

Интеграција на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава
Изработка на еко проекти
Одбележување на значајни еколошки датуми од приложениот еколошки календар

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| **5 март** | **Светски ден за заштеда на енергија** |
| **18 март** | **Светски ден на рециклирање** |
| **22 март** | **Светски ден за заштеда на водите** |
| **7 април** | **Светски ден на здравјето** |
| **22 април** | **Светски ден на планетата** |
| **15 мај** | **Светски ден за заштита на климата** |
| **31 мај** | **Светски ден против пушењето** |
| **5 јуни** | **Светски ден за заштита на животната средина** |

| | |
|---|---|
| **16 септември** | **Светски ден за заштита на озонската обвивка** |
| **22 септември** | **Меѓународен ден без автомобили** |
| **08 октомври** | **Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата** |
| **15 октомври** | **Меѓународен ден на пешаците** |
| **16 октомври** | **Меѓународен ден на храната** |
| **Ден на акција на еко-училиштата** | |

**Интегрирано планирање на еколошката едукација во одделенска и предметна настава за учебната 2025/2026 година**
**Во текот на ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ од учебната 2025/2026 година планирано е да се реализираа два еколошки стандарди и тоа:**
**ЕКО СТАНДАРД 1 Енергија, 2 Вода и 5 Отпад**

| ЕКО СТАНДАРД 1. ЕНЕРГИЈА | |
|---|---|
| Цел: намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија за 15% во споредба со претходната година | |
| Точки на акција | Индикатори |
| 3. Поставување на термоизолациона фасада | 3.1. План за поставување на термоизолациона фасада (изработка на спецификација)<br>3.2. Понуда за набавка и поставување на термоизолациона фасада<br>3.3. Фактура и испратница за набавена и поставена термоизолациона фасада<br>3.4. Вкупна квадратура на поставена термоизолациона фасада |
| 5. Поставување соларни панели | 5.1. План за поставување на соларни панели (изработка на спецификација)<br>5.2. Понуда за набавка на соларни панели<br>5.3. Фактура и испратница за набавени соларни панели<br>5.4. Број на поставени соларни панели |
| 7. Формирање еко-патроли кои ќе го следат и контролираат процесот на имплементација на овие акции | 7.1. Број на учесници во еко патроли<br>7.2. План на активности за еко патролите<br>7.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>7.4. Број на извештаи на еко патролите |
| 8. Изработка на план за рационално користење на енергијата | 8.1 Анализа на потрошувачката на електрична енергија која се користи во зградата<br>8.2 План со активности за намалување на потрошувачката и рационално користење на енергијата на годишно ниво |
| 10. Поставување на упатства за рационално користење на електричната и топлинската енергија | 10.1. Изработени дизајнирани упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија во училиштето<br>10.2. Број на поставени упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија |
| ЕКО СТАНДАРД 5 ОТПАД | |
| Цел: едукација за намалување на отпадот преку организирана селекција (соработка со Пакомак) | |
| Точки на акција | Индикатори |

| | |
|---|---|
| 1.Поставување на корпи за селекција на отпад | 1.1 Број на поставени корпи за селекција на отпад (хартија/пластика/стакло//тетрапак/електронски отпад итн.) |
| 2.Евиденција на собраниот отпад | 2.1. Документ/потврда за количина на собран отпад од овластена компанија за собирање на отпад (хартија/пластика/стакло/терапак итн.) |
| 4.Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место | 4.1. Изработка на дизајнирани упатства за селекција на отпад |
| 5.Формирање на еко-патроли кои ќе го следат процесот на имплементација на овие активности | 5.1. Број на ученици во еко патроли<br>5.2. План на активности за еко патролите<br>5.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>5.4. Број на извештаи на еко патролите |
| ЕКО СТАНДАРД : Уреден еколошки двор | |
| Цел: еколошки и функционално уреден двор кој е безбеден и пристапен за сите | |
| Точки на акција | Индикатори |
| 3. Санирање и поставување на урбана опрема | 3.1 План за санирање и одржување на постоечката урбана опрема (поправки, фарбање на клупи, корпи и патеки)<br>3.2 План за поставување на нова урбана опрема (изработка на спецификација) |
| 6. Засадување на дрвја и хортикултурно уредување на дворот | 6.1. План за одржување на хортикултурата и дрвјата во дворот (кастрење, потхранување, наводнување и сл.)<br>6.2. Понуда за набавка на нови растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.3. Фактура и испратница за набавени растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.4. Број на организирани акции за засадување на растенија и дрвја за уредување на дворот<br>6.5. Број на засадени растенија и дрвја за уредување на дворот |
| 8. Поставување на упатства за одржување на дворот | 8.1. Изработка на дизајнирани упатства за одржување на дворот<br>8.2. Број на поставени упатства за одржување на дворот |
| 11. Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности | 11.1. Број на ученици во еко патроли<br>11.2. План на активности за еко патролите<br>11.3. Пополнети контролни листови на еко патролите<br>11.4. Број на извештаи на еко патролите |

### *3. Code Week училиште*

***координатор:*** *Биљана Стојановска*

Цел на проектот: Развивање на дигиталните вештини во обликувањето на иднината на нашите ученици, развивање критичко и компјутерско размислување кај учениците

| **Акциски план за проектот Code Week училиште** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Реализатор** | **Цели и исходи** | **Финансиски средства** |
| Спроведување на анкета или разговори со учениците за да се идентификуваат нивните интереси во областа на кодирање, програмирање и роботика | септември 2025 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Да се идентификуваат интереси во областа на кодирање, програмирање и роботика | самостојно |
| Активности со примена на кодирање и програмирање преку меѓупредметна интеграција | септември 2025 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците | самостојно |
| Учество во Европската недела на кодирање со повеќе активности и работилници | октомври 2025 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците | самостојно |
| Саем за кодирање, како дел од Европската недела на кодирање | октомври 2025 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците | самостојно |
| Гостин говорник од технолошката индустрија (професори од ФИНКИ, успешни ИТ професионалци и сл.) | ноември-декември 2025 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците Инспирација и мотививација на учениците | самостојно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилници по повод Недела на инфроматиката и Денот за побезбеден интернет | февруари 2026 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците | самостојно |
| Учество во одбележување на Пи денот и Светскиот ден на математиката | март 2026 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Да се развие критичко, математичко и компјутерско размислување кај учениците | самостојно |
| Гостин говорник од технолошката индустрија (професори од ФИНКИ, успешни ИТ професионалци и сл.) | април-мај 2026 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Развиено критичко и компјутерско размислување кај учениците Инспирација и мотививација на учениците | самостојно |
| Собирање на повратни информации и евалуација на активностите со помош на анкети или разговори со учениците | мај - јуни 2026 | Одделенски наставници Предметни наставници Ученици | Да се соберат повратни информации и евалуација на активностите со помош на анкети или разговори со учениците | самостојно |

<u>Прилог бр. 17: Програми за воннаставни активности</u>

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ КИМ Скопје

Училишниот спортски клуб КИМ Скопје е формиран 2014-та години од одговорниот наставник Станојковски Драган. УСК реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ООУ ,,Св. Кирил и Методиј"-Центар, Скопје, според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

Планирање и развој

Глобалниот план за развој на УСК и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

АКТИВНОСТИ / СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК формираше секции по кошарка и одбојка кои работат успешно со учениците од училиштето и во иднина е во план да формира повеќе секции во разни спортови како што се во: шах, фудбал, ракомет, пливање, стрелаштво, планинарство, тенис, пинг-понг и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и

талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Со оглед на се поголемата присутност на физички и телесни деформитети кај младата популација односно учениците, УСК ќе формира секција за Кинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица и децата за делумно отклонување и намалување на деформитетите и јакнење на организмот.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

- Членарина од учесниците во спортските школи
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

Претседател: СТАНОЈКОВСКИ ДРАГАН

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРАМСКА СЕКЦИЈА – МАЛ ТЕАТАР**

Секцијата Мал театар учениците ќе можат креативно да се изразат, да ја развиваат својата имагинација, комуникациски вештини и самодоверба преку игра, глума и соработка. Драмските активности нудат можност за личен развој, поттикнување на емпатија, почитување на туѓо мислење и подобрување на способноста за јавен настап.

Преку драмската уметност, учениците полесно ги надминуваат тремата и несигурноста, учат да се слушаат меѓусебно, да работат тимски и да ги истражуваат своите чувства и идеи на креативен начин. Оваа секција служи и како дополнителна поддршка на наставниот процес, поврзувајќи уметноста со воспитно-образовната цел на училиштето.

| | |
|---|---|
| Цел | Да се поттикне креативниот израз, комуникациските вештини и самодовербата кај учениците преку запознавање со драмската уметност, учество во драмски активности и изведби, развивајќи тимска работа, имагинација и љубов кон сценската уметност. |
| Носител на активностите и одговорни наставници | Ученици од I - V одделение<br>Одделенски наставници: Симона Пецова, Данче Гиговска, Ирена Донев |
| Начин на реализација | Драмската секција ќе се реализира преку неделни средби со учениците од I до V одделение, организирани како интерактивни и креативни работилници. Активностите ќе бидат прилагодени на возраста на учениците и ќе опфаќаат: Игри за загревање и ослободување од трема – телесни и говорни вежби, довербени игри и гестовни изрази.<br>Импровизациски активности – сценски игри, кратки дијалози и слободни претстави според зададена тема.<br>Читање и анализа на драмски текстови – избрани според возраста и интересите на учениците.<br>Изработка на сценографија и костими – вклучување на учениците во креативниот процес на подготовка.<br>Проби и подготовка на претстава – распределба на улоги, вежбање на изведба и развивање на сценско движење. |
| Начин на вреднување на резултатите | реднувањето на резултатите од драмската секција ќе се спроведува континуирано и ќе се базира на: Набљудување на индивидуалниот и тимски напредок. Активност и учество на учениците на секој час. Соработка и комуникација со соученици. Иницијатива, интерес и ангажираност во процесот. Усна и писмена самоевалуација.<br>Учениците ќе ги споделуваат своите впечатоци, чувства и идеи по изведени активности. Оценка од наставникот (менторот).<br>Следење на способноста за сценско изразување, меморирање текст, глума, креативност. Почитување на договорени правила и тимска работа<br>Вреднување преку јавен настап.<br>Изведбата пред публика ќе се смета како завршна потврда на стекнатите вештини |

ЗАБЕЛЕШКА: Годишното планирање на наставните содржини може да претрпи измени во зависност од потребите, интересите на учениците и можностите за реализација на наставата

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со драмската уметност и изразување преку игра | Да се поттикне креативноста и самодовербата кај учениците | Одделенски наставници | Септември | Кратки драмски текстови, играчки маски, видео-примери |
| Вежби за гласовно и телесно изразување | Подобрување на дикција, интонација, гестикулација | Одделенски наставници | Октомври | Огледало, снимки од претстави, музика |
| Импровизациски игри и сценски вежби | Развивање на способност за брзо размислување и тимска соработка | Одделенски наставници | Ноември | Картончиња со улоги, предмети за импровизација |
| Подготовка на кратка драмска сцена | Стекнување искуство со сценски настап | Одделенски наставници | Декември | Текстови, костими, реквизити |
| Изработка на сценографија и реквизити<br>Проба на драмска сцена со распределени улоги | Вклучување на учениците во креативен процес<br>Поттикнување на тимска работа и одговорност | Одделенски наставници | Јануари/февруари | Картон, бои, лепак, ножици<br>Сценарио, простор за проби |
| Проба на драмска сцена со распределени улоги | Вклучување на учениците во креативен процес<br>Поттикнување на тимска работа и одговорност | Одделенски наставници | Март/Април | Сценарио, простор за проби |
| Јавен настап – изведба пред публика | Подобрување на комуникациски вештини и самодоверба<br>Поттикнување на саморефлексија | Одделенски наставници | Мај | Сала, озвучување, покани за родители Видеоснимка од настапот, листови за рефлексија |
| Анализа и евалуација на изведбата<br>Завршна активност – креативна работилница и игра | Наградување и поттикнување на интерес за следна година | Одделенски наставници | Јуни | Дипломи, играчки, музика |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКЦИЈА - МЛАДИ ТАЛЕНТИ

**Секцијата Млади таленти** се организира за ученици кои покажуваат афинитети кон уметноста и спортот. Часовите предвидени за овие слободни ученички активности се изведуваат според потребите на учениците во текот на учебната година.

| | |
|---|---|
| Цел | поттикнување на креативноста кај учениците, развивање на естетски чувства, дружење, комуникација, тимска работа, правилно усно и писмено изразување, развивање на ритам при пеење, свирење и играње и правилен пејачки став, поттикнување на љубопитноста, иницијативноста, креативноста и истрајноста во игрите, зголемено ниво на комуникација и доверба, групна кохезија, интеракција, координација... |
| Носител на активностите и одговорни наставници | Ученици од IV одделение<br>Актив на IV одд.: Дијана Илиевска Коваческа, Александра Крстова, Васка Тошевска Момироска и Даниела Крстевска |
| Начин на реализација | Самостојно, групно и тандемско творење, ликовно и музичко изразување, спортски активности предвидени во временска рамка која според интересот на учениците може да се поместува |
| Начин на вреднување на резултатите | усна, писмена и практична повратна информација, истражување, разговор, практична презентација, проекти, самооценување итн. |

ЗАБЕЛЕШКА: Годишното планирање на наставните содржини може да претрпи измени во зависност од потребите, интересите на учениците и можностите за реализација на наставата.

| **Содржина** | **Цели** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на секцијата и избор на ученици, запознавање со активностите | развивање на мотивација за учење на нови работи врз основа на претходни искуства | Ученици и наставници од IV одд. | Септември | Програма за работа |
| Игра со топка- активности за запознавање во групата | да се поттикнат учениците за тимска работа, да се развива соработка, зголемено ниво на комуникација и доверба, групна кохезија, интеракција, координација.. | Ученици и наставници од IV одд. | Септември | топка |
| Есенска работилница со природни материјали и плодови | да се развијат естетските чувства, да се поттикне креативноста, тимската работа, комуникацијата | Ученици и наставници од IV одд. | Октомври | Материјали за рециклирање, интернет |
| Создавање кореографија за изучена песна | | Ученици и наставници од IV одд. | Октомври | Интернет, музички реквизити |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика) | | | |
| Игра: Патувачки хулахоп | да се поттикнат учениците за тимска работа, да се развива соработка, зголемено ниво на комуникација и доверба, групна кохезија, интеракција, координација.. | Ученици и наставници од IV одд. | Ноември | хулахопи |
| Сликање – слободен избор | да се развијат естетските чувства, да се поттикне креативноста, тимската работа, комуникацијата | Ученици и наставници од IV одд. | Ноември | Интернет, енциклопедии и др. литература |
| Ликовна игра – Цртај според моите инструкции | да се стимулира поцелосно да ги претставува предметите и објектите од непосредната околина | Ученици и наставници од IV одд. | Декември | Интернет, енциклопедии и др. литература |
| Изработка на новогодишна елка и украсување на училницата по повод Нова година | да обликува преку спојување, градење и конструирање со помош на разни форми и материјали, да се развијат естетските чувства | Ученици и наставници од IV одд. | Декември | Материјали за рециклирање, интернет |
| Создавање кореографија за изучена песна | да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика) | Ученици и наставници од IV одд. | Јануари | Интернет и ДМИ |
| Зимско доживување – усно изразување | да се поттикнува за правилно усно изразување при раскажување на сопствено доживување | Ученици и наставници од IV одд. | Февруари | Примери од детски литературни творби, детска литература и др.литература |
| Игри во спортска сала | да се поттикнат учениците за тимска работа, да се развива соработка, креативноста и истрајноста во игрите | Ученици и наставници од IV одд. | Февруари | Спортски реквизити |
| Изработка на подарок по повод празникот на жената – 8 Март | да се развијат естетските чувства, да се поттикне креативноста | Ученици и наставници од IV одд. | Март | Интернет, материјали за рециклирање |
| Пролетна работилница – Изработки со примена на различни техники | да се развијат естетските чувства, да се поттикне креативноста, тимската работа, комуникацијата, соработката меѓу родителите, наставниците и учениците | Ученици и наставници од IV одд. | Март | Примери од детски литературни творби, детска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | литература и др.литература |
| Игра: Штафета во колона | да се поттикнат учениците за тимска работа, да се развива соработка, креативноста и истрајноста во игрите | Ученици и наставници од IV одд. | Април | штафета |
| Следи го ритамот со примена на ДМИ | да умее правилно да изведува мелодиски вежби со тоновите сол и ми со примена на ДМИ | Ученици и наставници од IV одд. | Април | Интернет, ДМИ |
| Создавање кореографија за изучена песна/драматизација | да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика); да се поттикне креативноста, дружењето, комуникацијата кај учениците | Ученици и наставници од IV одд. | Мај | Интернет, реквизити, литература |
| Меѓуодделенски натпревар | развивање на мотивација за учење на нови работи врз основа на претходни искуства | Ученици и наставници од IV одд. | Мај | се развива соработка, тимска работа, креативноста и истрајноста во игрите |
| Музички фестивал | да пее песни различни по содржина и карактер, да развива правилен пејачки став | Ученици и наставници од IV одд. | Јуни | Интернет, караоке |

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КЛУБ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ**

Клубот за дигитални вештини е замислен како простор каде учениците ќе истражуваат и применуваат иновативни технологии како кодирање, LEGO роботика, виртуелна реалност, создавање игри и 3D симулации. Активностите се прилагодуваат според интересите на учениците и достапните ресурси во текот на учебната година.

**Цел:** Поттикнување на дигиталната писменост, логичко размислување, креативност, дигитални вештини, тимска работа, презентирање идеи, создавање дигитални и материјални продукти, запознавање со основи на програмирање и технологија.

**Носител на активностите и одговорни наставници:** Ученици од I-V одделение

**Одговорни наставници:** Нела Слезенкова Никовска, Биљана Стојановска, Ирена Донев

**Начин на реализација:** Тимска и индивидуална работа, практични активности, учење преку игра, кодирање преку програмски јазици (Code.org, Scratch, Blockly), користење на LEGO SPIKE, Robi Mind Designer, micro:bit, VR очила, 3D симулации итн.

**Начин на вреднување на резултатите:Усна** и писмена повратна информација, самооценување, презентација на проекти, евалуација на идеи и решенија, портфолија.

**Годишно планирање на активностите**

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на клубот | Да се поттикне интерес и да се создаде чувство на припадност во клубот | Наставници и ученици | Септември | Постери, стикери, табла |
| Вовед во кодирање преку игри (анплагд) | Да се разбере што е кодирање преку игри со наредби без компјутер | Наставници | Септември | Картички, стрелки, табла |
| Игра: Излези од лавиринтот | Да се научи да се кодира движење со прецизни наредби | Наставници | Октомври | Табла, картички, Scratch |
| Цртај со код! | Да се кодираат едноставни движења за да се нацртаат форми | Наставници | Октомври | ScratchJr, скици, шаблони |
| Виртуелна прошетка – посета на светски знаменитости МИО | Да се истражува култура преку технологија и VR | Наставници | Ноември | VR сет, Google Earth VR Macedonia 360 |
| LEGO предизвик – градење фигура според упатства | Да се развива логика и следење чекори со конструкција | Наставници | Ноември | LEGO коцки, упатства |
| Запознавање со ScratchJr (за I–III) или Scratch (за IV–V) | Да се користат блокови за визуелно програмирање преку игра | Наставници | Декември | Таблети/компјутери, Scratch |
| Направи интерактивна приказна | Да се користи кодирање за раскажување | Наставници и ученици | Декември | ScratchJr, слики, звук |
| Програмирање LED пораки со micro:bit (IV–V одд.) | Да се воведе програмирање на вистински уред | Наставници | Јануари | micro:bit, MakeCode |
| Кодирање преку танц и музика | Да се разберат секвенци преку движење и ритам | Наставници | Јануари | Музика, упатства, простор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Креирање приказна за безбедност на интернет | Да се програмираат ликови кои реагираат на кликови | Наставници | Февруари | Scratch или ScratchJr |
| Игра: Сајбер-детектив | Да се научи како да се препознаат безбедни и небезбедни онлајн ситуации | Наставници | Февруари | Слики, сценарија, презентации |
| Изработка на 3D цртеж – мојот робот Robi Mind Designer | Да се стимулира фантазија и просторна претстава | Наставници | Март | Tinkercad (IV–V), боички, скици |
| „Што е интернет?“ (дискусија) | Да се развие разбирање за интернет, медиуми и одговорно однесување | Наставници | Март | Образовно видео, табла |
| Мојот прв кодиран квиз | Да се креира квиз со прашања и опции на Code.org App | Наставници | Април | Code.org App, компјутер или таблет |
| Креирање на сопствен лик/игра | Да се дизајнира и програмира едноставна игра со еден лик | Наставници | Април | Scratch или ScratchJr |
| Презентација на проект | Да се развие самодоверба преку претставување на проект | Ученици и наставници | Мај | Canva, презентации, уред |
| Онлајн галерија на нашите игри и цртежи | Да се изложат креативните продукти пред поширока публика | Наставници | Мај | Canva, Padlet или Google Slides |
| Завршна активност и евалуација | Да се повтори наученото преку игра и да се даде лична оценка | Наставници и ученици | Јуни | Игри, формулар, музика |
| Доделување сертификати и изложба | Да се препознае трудот и да се поттикне понатамошен развој | Наставници | Јуни | Сертификати, QR-кодови, презентации |

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЕДИУМСКИ КЛУБ „КИМ МЕДИА“**

**Целна група:** Ученици од I до IX одделение
**Реализатори:** Биљана Стојановска, Нела Слезенкова Никовска, Ирена Донев
**Цели на медиумскиот клуб**
- Поттикнување медиумска писменост и критичко мислење
- Запознавање со новинарската професија и етичките стандарди
- Развивање на јазични, комуникациски и дигитални вештини
- Креирање на училишен весник (печатен и/или дигитален)
- Активно учество во информирањето и презентирањето на училишни настани

| Месечна динамика на активности | | | |
|---|---|---|---|
| **Месец** | **Активности** | **Цел** | **Начин на реализација** |
| Септември | Формирање на клубот и запознавање | Да се поттикне интерес кај учениците за медиумски содржини преку дружење и избор на urednички тим. | Игри за запознавање, избор на уредници |
| Септември | Анкета: Какви медиуми користат учениците? | Да се истражат медиумските навики на врсниците и да се извлечат заклучоци од резултатите. | Анкета, анализа и дискусија |
| Октомври | Креирање редакциски тим и рубрики | Да се организира работата на клубот преку формирање тематски тимови и определување на содржини и рубрики | Тимови и распределба на задачи |
| Октомври | Учиме да пишуваме вест | Да се совлада структурата и правилата за пишување на вест преку практична вежба. | Работилница, пишување вест |
| Ноември | Спроведување на интервју | Да се развијат вештини за комуникација и активно слушање преку спроведување интервју. | Подготовка прашања, интервју |
| Ноември | Истражување: Што недостасува во училиштето? | Да се охрабри критичко размислување и иницијативност кај учениците преку новинарско истражување. | Планирање истражувачка статија |
| Декември | Посета на ТВ-куќа / Радио | Да се стекне увид во реалната работа на медиумските професионалци и нивната улога. | Дизајн и печатење/објава |
| Декември | Изработка и објава на првиот училишен весник | Да се применат научените новинарски вештини во креирање на медиумски производ – интерактивен училишен весник со користење на дигитални алатки Canva и Book Creator | Разговор со новинари |
| Јануари | Анализа на вести | Да се развие критички пристап кон медиумските содржини преку анализа и препознавање дезинформации. | Групна анализа на медиумски примери |
| Февруари | Видео-интервју со наставник/ученик | Да се применат дигитални алатки за изработка на кратка медиумска содржина. | Снимање и монтажа |
| Февруари | Истражување: Навики за интернет | Да се спроведе и прикаже истражување за онлајн навиките на учениците преку визуелни податоци. | Анкета и визуелизација |
| Март | Гостин – новинар/инфлуенсер | Да се добие увид во практичната работа на новинарот и да се постават прашања поврзани со професијата. | Подготовка прашања и дискусија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Март | Работилница: слоган, лого и дизајн | Да се развијат креативни идеи за визуелен идентитет на клубот и неговите содржини. | Canva, колективен избор |
| Април | Изготвување репортажа | Да се документира училишен настан преку пишување репортажа со фотографии и изјави. | Состав на репортажа со изјави и фото |
| Април | Подкаст: „Наши мислења“ | Да се изразат лични ставови преку аудио формат и да се подобри дикцијата и говорната изразност. | Снимање аудио епизода |
| Мај | Изработка на втор училишен весник | Да се заокружи медиумската работа со второ издание кое ги вклучува сите новинарски жанрови. | Уредување, пишување, објава |
| Мај | Презентација на нашите медиумски производи | Да се промовираат медиумските резултати на клубот пред поширока публика и да се поттикне самодоверба. | Настан со публика |
| Јуни | Евалуација и избор на најуспешен прилог | Да се рефлектира врз личниот и тимскиот предок преку самопроценка и вреднување. | Гласање, коментари, признанија |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕКЦИЈА ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Секцијата за Граѓанско образование** се организира за ученици кои претендираат да станат информирани граѓани кои ќе допринесат за развојот на својата заедница и покажуваат афинитети кон критичко размислување.Часовите предвидени за овие слободни ученички активности се изведуваат според потребите на учениците во текот на учебната година.

| | |
|---|---|
| Цели | учениците да ги познаваат и да ги дефинираат основните поими што се однесуваат на граѓанското општество, да ги почитуваат човековото достоинство и човековите права како вредности засновани на генералното верување дека секој човек е подеднакво важен, вреден за почит и му припаѓаат истите права и слободи, да ги цени демократијата, праведноста, правдата, еднаквоста и законитоста како принципи врз кои функционираат современите општества. |
| Носител на активностите и одговорни наставници | Ученици од VII, VIII и IX одделение<br>Актив на општествена група, Горица Бошкоска |
| Начин на реализација | Индивидуално, во парови и групно изразување, граѓански активности предвидени во временска рамка која според интересот на учениците може да се поместува. |
| Начин на вреднување на резултатите | усна, писмена и практична повратна информација, истражување, разговор, практична презентација, проекти, самооценување итн. |

ЗАБЕЛЕШКА: Годишното планирање на наставните содржини може да претрпи измени во зависност од потребите, интересите на учениците и можностите за реализација на наставата.

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на секцијата и избор на ученици, запознавање со активностите | учениците развивање на мотивација за учење на нови работи врз основа на претходни искуства | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Септември | Програма за работа |
| Идентитет,развој на особини и етичност | учениците да умеат да препознаат општествени и лични вредности и да објаснуваат што е етичност и хуманост | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Октомври | Интернет, презентации и друга литература |
| Прифаќање и почитување на разликите,мултик утурализам | учениците да ги почитуваат културната различност и разновидност,плурализмот на погледи и разлики во однесувањето,да развиваат отвореност и сензитивност кон културните разлики, верувањата, погледите на светот и однесувањето на другите | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Ноември | Интернет, енциклопедии, презентации со реални примери од темата и друга литература |
| Работилница за борба против дискриминација и врсничко насилство | учениците се поттикнуваат да придонесуваат за сузбивање на дискриминација, стереотипи и предрасуди. | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Декември | Интернет, презентации со реални примери од темата, постер-проекти и друга литература |
| Видови човекови права | учениците да проценуваат како човековите права го унапредуваат демократското општество и да се залага за нивно унапредување, | Ученици и наставници од VII, VIII и IXодд. | Декември | Интернет,Универзална декларација за човекови права, презентации со реални примери од темата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Уметност и култура | учениците да ја објаснат улогата на уметноста, уметникот и влијанието на уметничките дела во градењето на граѓанското општество, да прават разлика меѓу шунд/кич и уметност. | Ученици и наставници од VII,VIII и IXодд. | Јануари | Интернет, енциклопедии , слики, постери и др. литература |
| Ученички парламент | учениците да ја објаснуваат демократијата како процедура, начин на мислење,постапување и избор при гласање | Ученици и наставници од VII, VIII IX одд. | Февруар | Интернет, енциклопедии и др. литература |
| Медиуми | учениците да ја објаснат улогата на медиумите во креирање на јавното мислење во општеството и да прават споредба помеѓу различните видови медиуми од аспект на начинот на информирање | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Март | Интернет,ТВ продукции, слики, весници,радио |
| Борба против корупција | учениците да ги препознаат формите на корупција и начините за справување со последиците од истата | Ученици и наставници од VII, VIII и IXодд. | Април | Интернет,презентации со реални примери од темата и друга литература |
| Власт | учениците да објаснат што претставува власта и да опишат како се стекнува легитимната власт во демократска држава | Ученици и наставници од VII,VIII и IX одд. | Мај | Интернет,Устав,презентации со реални примери за државни уредувања и друга литература |
| Европска Унија | учениците ги објаснуваат предизвиците и придобивките на државите членки на Европската Унија од аспект на економската, социјалната, меѓуетничката, меѓукултурната интеграција.Ги идентификуваат заедничките европски вредности и ја препознаваат соработката во различни области меѓу Република Македонија и Европската Унија | Ученици и наставници од VII, VIII и IX одд. | Јуни | Интернет, презентации за ЕУ и друга литература |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНА СЕКЦИЈА

***Одговорени наставници:*** Бојана Бачоска, Благица Димчева, Марина Станковиќ, Драган Станојковски

Целта на културниот клуб е да ги поттикне учениците и кај нив да се формира навика и потреба слободното време да го користат во пријатна атмосфера исполнета со можности за нови сознанија кои ќе им овозможат доживување на вистински културни вредности.

Преку овој клуб се развива културната свест кај учениците и вреднување на вистинските културни вредности. Со помош на интерактивниот културен календар, одржуван од учениците од културниот клуб, наставниците и учениците ќе го следат репертоарот на културните настани и во корелација со наставната програма ќе организираат посети.

ЦЕЛИ:

- Стекнување значајни уметнички и културни искуства;
- Информирање на учениците за претстојните културни активности;
- Изработка на интерактивен културен календар и ажурирање на културните активности во календарот;
- Избор на соодветни културни настани;
- Избор на ученици кои ќе членуваат во културниот клуб.

**Начин на реализација:**

- Со закажување термин за средба или онлајн и со договор на редовните часови со користење на најразлични форми и методи.
- самостојно и тандемско работење
-групни активности предвидени во временска рамка, која според интересот на учениците може да се поместува

**Забелешка: Доколку се појави потреба може да се променат планираните активности.**

| **Цели** | **Содржина** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|---|
| Развивање на културната свест кај учениците | Формирање на културен клуб | -ученици од 6 до 9 одд. и предметни наставници | септември | Интернет, лап топ, компјутер |
| Стекнување со значајни уметнички и културни искуства. | Посета на културни настани | Ученици и наставници | Септември - мај | Културни установи |
| Изработка на интерактивен културен календар | Вметнување на културните содржини во календар | Ученици членови во културниот клуб | Септември-јуни | интернет, лап топ, компјутер |
| Реализирање на состаноци еднаш месечно со членовите на клубот | Избор на културни настани | Ученици и наставници | Септември-јуни | компјутер интернет |
| Реализација на состаноци со арт провајдери | Соработка и организирање на културни активност | Членовите од културниот клуб | континуирано | Надворешни соработници |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЛАДИ МАТЕМАТИЧАРИ И НАУЧНИЦИ (математика, физика, хемија, биологија и природни науки)

***Одговорни наставници: Ленче Зајковска, Жанета Шумкоска, Бојана Бачоска и Андријана Грујоска***

Слободната активност им овозможува на сите ученици без разлика на нивниот успех во редовната настава интерес кон математиката и природните науки. Клубот Млади математичари и научници покрај проширувањето и продлабочувањето на знаењата од математиката и природните науки посебен акцент става врз развивањето на вештините, умеењата и навиките на учениците со посебен правец кон развојот на нивните индивидуални предиспозиции и желби.

ЦЕЛИ:

- Поттикнување на учениците за правилно и рационално користење на слободното време;
- Да се зајакне самодовербата кај учениците како и нивната меѓусебна соработка;
- Развивање навики за меѓусебно почитување;
- Оспособување на учениците за критичко мислење, јавно изнесување на своите ставови и мислења за личниот интерес и потреби од изборот на темите од математика и природните науки за кои покажуваат посебен интерес и љубов;
- Развивање на способности за логичко размислување и заклучување;
- Проширување и продлабочување на знаењата кон физиката, хемијата, биологијата и математиката;
- Способност за креативност и творечка работа.

**Начин на вреднување:** Истражување, разговор, практична презентација, проекти, самооценување итн.

**Начин на реализација:**

